РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-2554/3
17-11-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат/непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54та седница одржана на 01.11.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр. број 09-5645/1 од 16.12.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 16.12.2019 година, поднесена е пријава со наводи за партиско влијание при ангажирањето на двајца синови на --- ------ (кој се поврзува со политичката партија --------) поради нивното ангажирање во Министерството за --------, за што е оформен предмет број 09-5645/1 од 16.12.2019 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи дека едниот син на --- -----, ---- ------ добивал парични средства од Министерство за ------ за рекламирање преку медиум во негова сопственост и другиот син ----- ------ кој бил вработен во Министерство за ------, добивал месечни хонорари исто така од Министерството за ---------.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Министерство за ------- во однос на тоа дали лицето ---- ------ е вработено во Министерство за ------ и дали истото прима дополнителни месечни хонорари, од кога е ангажирано и висината на месечните хонорари кои му се исплаќале.

Во законски утврдениот рок Министерство за ------- достави Известување дека лицето ---- ------- со Решение бр.04-421/1 од 14.01.2020 година од страна на министерот за ------ е именуван за надворешен соработник како стручно советодавно лице за прашања од областа на ------ (согласно чл. 11 став 5 од Законот за култура) за соработка меѓу Народна Република Кина и земјите од централна и источна Европа за 2019 година. Со Решение бр.04-421/2 од 14.01.2020 година од страна на министерот за утврдување надомест за извршената работа за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година на именуваниот му е утврден надомест за извршената работа со месечен бруто износ од 33.333 денари. Во прилог на ова доставени се

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Решението за именување надворешен советник 04-421/1 од 14.01.2020 година и Решението за утврдување надомест за извршена работа 04-421/2 од 14.01.2020.

Согласно член 2 од Уредбата со законска сила за ограничување на правото на исплата на парични паушали и парични надоместоци на претседателите и членовите на одборите на директори, претседателите и членовите на управни одбори, претседателите и членовите на комисии, работни групи и советодавни и експертски тела формирани од државната и локалната власт и претседателите и членовите на советите на единиците на локалната самоуправа за време на вонредната состојба (Сл. Весник на РСМ бр.94/20), ангажираните лица биле задолжени да достават доказ дека се евидентирани како невработени лица во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија или не се приматели на пензија согласно евиденцијата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија.
Од страна на лицето ----- -----и бил доставен М1/М2 образец дека истиот е вработен и согласно наведеното, во писмо бр.04-421/6 од 05.05.2020 година од страна на министерот за култура истиот е известен дека веќе не ги исполнува условите за исплата на паричен надомест. Последната исплата на лицето ----- ------ му била извршена во април за месец март 2020 година. Во прилог на погоре наведеното, доставено е Известување 04-421/6 од 05.05.2020 година.

Врз основа на документација доставена од Министерство за -------, ДКСК констатира дека настаната е промена на фактичката состојба со тоа што лицето ----- ------- по донесувањето на Уредбата со законска сила, повеќе не е ангажиран како надворешен соработник во министерството, затоа што не ги исполнува условите.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат, нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Е.Н, соработник
Одобрил: К.Н, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**